## "Мечтата на мојот живот"

# МЕЃУ СОНОТ И РЕАЛНОСТА

*Учесничките на изложбата "Мечтата на мојот живот" на различен и на сосема индивидуален начин и со многу успешен пристап одговорија на петте поттеми коишто кореспондираат со помалку романтичниот наслов на изложбата, користејќи најразлични медиуми: фотографија, видео, објекти и инсталации.*



Моника Мотеска, "Сонот на Елвира"- фотографии

*Мечтата на мојот живот* ("The Dream of My Life") е насловот на меѓународната изложба на жени-авторки, којашто беше отворена на 29 март во Националната уметничка галерија во Софија. Оваа изложба, со тенденција да прерасне во биенална манифестација, вклучува осум уметнички од четири балкански земји: **Елена Панајотова** и **Моника Роменска** од Бугарија; **Ана Стојковиќ** и **Моника Мотеска** од Македонија; **Аурора Дедиу** и **Мирела Дауччеану** од Романија, и **Марија Вауда** и **Јелица Радовановиќ** од Југославија.

Во контекст на промените што се случија во минатиот век, почнаа да се менуваат и традиционалните предрасуди, според кои примарната улога на жената е во домот и таа не е способна да преземе одговорности надвор од него. Но, како и да е, нивните (женски) сништа/мечти се нешто што не може да им биде одземено, тие се "средство за опстанок и катализатор на природните аспирации за подобар живот, што сè почесто резултира со реализација на уметнички проекти, било да се локални или интернационални, кои се базираат на принципот на почитување на сите разлики: национални, религиозни, етнички и културни. Радикалните и динамични политичко - економски процеси на Балканот во текот на изминатите декади, како и конфликтите и нивните драматични последици, ги ослабнаа контактите меѓу уметниците во регионот. Токму тука во "изменетата" женска ролја и во недостигот од уметнички контакти, лежат причините за изборот на уметничките од споменатите земји, коишто се надоврзуваат на сличностите во социо-психолошките, политичките, економските и културно-историските развојни процеси на регионот на Балканот.

**Јелица Радовановиќ** најмногу работи со фотографијата и со видеото, а своите дела ги надополнува со предмети и со цртеж. Нејзините видеа се движат во крајности - прикажуваат монотони движења на "хермафродитна" глава, но и крајно експресивен танц, кој во традиција на буто-театарот ја претставува домаќинската невроза. Во едно свое дело (фотографија) користи и печати (верзија на кукест крст со женски нозе, ѕвезда-петокрака со женски дојки, зајак-сијамски близнаци - како симбол на немоќ) за да ја прикаже судбината на настанувањето на женскиот идентитет, за кој смета дека се должи на универзалниот културолошки запис, особено специфичен за Балканот. Таа ја брише поделбата на мажи и на жени и смета дека не мора секогаш машкото да ја има позицијата на татко во семејството, ниту пак жената да ја има секогаш улогата на мајка. **Аурора Дедиу** еднаш носталгично ја нагласува тактилноста на предметите (просторна инсталација со "лебдечки" пердуви), во друг случај нив сосема ги изолира и ги поставува на ѕид, а експериментира и со човековото сетило за мирис (исушени цвеќиња) во прилог на носталгичните чувства. Во нејзините дела се чувствува потребата за постигање на интерактивност меѓу уметничкото дело и публиката.



Моника Мотеска, "Човекот птица"- фотографии и слајд проекција

Инсталацијата на **Ана Стојковиќ** се надоврзува на принципот на интерактивност присутен во повеќето дела на различните авторки претставени на оваа изложба. Во овој случај, се работи за чиста и студена атмосфера на класично поставена маса за ручек, врз која се отпечатени одредени приказни од детството. Овие случки се повторуваат и во тетратката, чиишто листови




Ана Стојковиќ, "Детал од инсталација"

се направени од салфетки, а отвореноста на делото настојува, преку наративноста, да ја потсети публиката на приказните од детството и да го натера посетителот да ги запише.

**Елена Панајтова** ги разработува петте теми на различен начин, при што повеќе го нагласува чисто визуелното естетско доживување. Нејзините дела се еднаш статични сведоци - сенки коишто го сугерираат присуството на некогаш постоечкиот, но сега отсутен предмет (фотографиите), другпат се критика на потрошувачкото општество (приказ на девојка-консуматор и "лошата" девојка), а понекогаш дејствуваат со својата променливост. Делото "Седум" е составе-но од редови на различни материјали кои се поврзани со сето она што од древните времиња, па сè до денес, го претставува бројот седум: седумте светски чуда, 7 дена во неделата, 7 мудреци, 7 континенти, 7 грева итн. **Мирела Даучеану** во своите пет колор-фотографии со голем формат, пречистени од секакви додатоци, прикажува секојдневни употребни предмети и секојдневни состојби на коишто им го менува значењето и им дава "нов" призвук, сугерирајќи чувство на меланхолија. **Моника Мотеска** во своите дела (фотографии, слајд - проекција и видео) ги разгледува добриот и лошиот аспект на сонувањето, односно исполнетите и неисполнетите мечти и влијанието коишто туѓите соништа можат да го извршат врз нашите - да направат да се чувствуваме убаво или кошмарно. Негативен пример се цвеќињата и свеќите за мртвите војници, кои го доведуваат во прашање понатамошното мечтаење на нивните блиски; човекот-птица и препарираните птици - грабливки, коишто имаат двојно значење - позитивно и негативно, како и неисполнетите соништа на травеститот Елвира. Позитивен пример, пак, на мечтаењето се скоковите во вода и од височина, со коишто, на некој начин, завршува цикличниот приказ за човековото мечтаење. **Моника Роменска** користи варијации на истата тема, поточно ист цртеж на брод (кораб) со концептуален призвук, надополнет со предмети коишто говорат за поинаква, но сепак слична "мечта" и кои поинаку реагираат и соодветствуваат со насловот на секоја од темите, притоа формирајќи една целина, додека **Марија Ваудa** претставува мултиплицирана (речиси) идентична "монохромна" состојба, со приказ на сивите зони: пет душеци покриени со најлон (со што го потенцира моментот на отуѓеност), женски фустанчиња и колор фотографии на жена во еуфорична состојба. Зоните на ненаселивост (Ver Werfung) коишто ги прикажува, се зони во кои, иако се маргинализирани, изолирани и отфрлени од општеството и во кои е невозможно да се живее, сепак животот се одвива и коишто се значајни бидејќи тука се формира критичкиот јазик.



Елена Панајотова, "Седум"-детал од инсталација
*Фото: Маја ЧАНКУЛОВСКА*

Учесничките на изложбата "Мечтата на мојот живот" на различен и на сосема индивидуален начин и со многу успешен пристап одговорија на петте поттеми коишто кореспондираат со помалку романтичниот наслов на изложбата: "Забава"; "Звуците на куќата"; "Кујната - склад на семејните сништа"; "Добри девојки/лоши девојки" и "Танцот на архангелите/Градина на цвекињата". Авторките од овие четири балкански земји, користејќи најразлични медиуми: фотографија, видео, објекти и инсталации, ги изразија своите размислувања преку различни аспекти: лично-емоционални, но и егзистенцијално-социјално-политички, притоа продирајќи во сферата на (само)критичноста, иронијата, егоцентризмот, меланхолијата, изолацијата,



Ана Стојковиќ, "Инсталација"

традицијата, културата, општеството...

Во теоретскиот дел од оваа изложба учествуваа **Јасмина Чубрило** (Југославија), **Вера Марин** (Романија) и **Маја Чанкуловска** (Македонија), кои одделно ги претставија своите гледишта околу актуелните аспекти и тенденции во современата уметност во секоја земја поодделно, а беше проследено и предавањето на **Небојша Виликј** (Македонија) за уметноста и за социјалните - промени.

*Маја ЧАНКУЛОВСКА*
*Фото: Р. ЈАНКУЛОСКИ*